ПРИВАТНИ ТРАНСФЕРИ

ДА ГИ ТРОШИМЕ ИЛИ ДА СЕ САМОВРАБОТИМЕ?

Се проценува дека на почетокот на 21-от век околу 3% од светското население живее и работи надвор од земјата на раѓање. Износот на пари што овие луѓе го заработиле и го праќаат во нивните земји е огромен. Се проценува дека приватните трансфери за 2012 година во земјите во развој ќе надминат 400 милијарди долари. Ова е троструко зголемување во однос на од 77 милијарди долари во 2000 година и 21 милијарди долари во 1990 година. Износот на пари што земјите во развој го добиваат преку приватните трансфери е неколку пати повисок од износот на официјалната развојна помош. Во многу земји тој износ е повисок и од износот на странските директни инвестиции.

Работите не се многу поразлични ниту во Балканските земји, вклучително и во Македонија. Од 2004 година, приватните трансфери во Македонија во просек изнесуваат 4% од БДП, приближно исто колку и приливите од странските директни инвестиции. Покрај тоа, нивниот нагорен тренд се одржува и покрај неодамнешната криза - во 2008 година, пред кризата, тие изнесуваа 277 милиони евра, додека во 2012 година, после кризата, се очекува да изнесуваат околу 300 милиони евра.

Макроекономските импликации од македонските приватни трансфери се релативно добро познати; тие се значаен извор за финансирање на дефицитот на тековната сметка и Народната банка ги следи внимателно, за да се осигура дека ненадејни промени кај нив нема да ја загрозат макроекономската стабилност. Микроекономските импликации од приватните трансфери се помалку познати.

Заради тоа, Универзитетот Американ Колеџ Скопје, во соработка со Центарот за Економски Развој и Истражување, Сараево, со голема финансиска поддршка од Регионалната Програма за Унапредување на Истражувањето од Универзитетот во Фрајбург, Швајцарија, спроведе истражувачки проект за да го истражи влијанието на приватните трансфери врз сиромаштијата, нееднаквоста и самовработувањето во Македонија, Босна и Херцеговина и Косово. Посебно внимание беше посветено на ефектот од неодамнешната финансиска криза врз овие врски, како и на разликите помеѓу руралните и урбаните домаќинства и домаќинствата со различна етничка припадност, како и различната возраст и пол на главата на семејството. Истражувањето за секоја од трите економии беше направено врз база на две анкети за домаќинствата, една пред и една после кризата, со употреба на економетриски техники.



Бројот на семејства кои примаат приватни трансфери во Македонија се зголемил после кризата, од 16% на 21%.

Просечната вредност на приватните трансфери исто така се зголемила, од 1990 на 2070 евра годишно (во константи цени). Поверојатно е дека руралните и албанските домаќинства примаат повеќе приватни трансфери, и пред и после кризата. Во врска со главните истражувачки прашања, анализата покажува дека приватните трансфери навистина ги намалуваат социјалните разлики. Ја намалуваат сиромаштијата; семејствата кои примаат 2000 евра приватни трансфери годишно, имаат 5% помала веројатност да западнат во сиромаштија, иако се чини дека кризата го запре овој ефект. Исто така, се покажа дека приватните трансфери ја намалуваат нееднаквоста во доходот, особено за време на кризата - Џини коефициентот во анкетата од 2012 година изнесуваше 0.35, но истиот би бил 0.38 доколку семејствата не би добивале приватни трансфери.

Се покажа дека приватните трансфери имаат позитивен, иако мал ефект и врз самовработувањето - семејствата кои добиваат 2000 евра приватни трансфери годишно имаат 1% повисока веројатност да започнат сопствен бизнис.

Овие резултати за позитивната улога на приватните трансфери во намалувањето на социјалните разлики во Македонија се добиени во време кога економските истражувачи пишуваат сè повеќе и повеќе за сиромаштијата и нееднаквоста, и кога разговорите за инклузивен раст се најдоа на врвот на агендите на носителите на глобалните политики, како Светската Банка, Европската Комисија итн.

Носител на проектот е д-р Марјан Петрески од Универзитетот Американ Колеџ Скопје, а членови на македонскиот тим се м-р Бранимир Јовановиќ од Народна банка на Република Македонија и истражувач од Универзитетот Тор Вергата Рим и м-р Деспина Петреска, економски аналитичар во истражувачкиот центар "Finance Think".

На 13 март оваа година се одржа тркалезна маса на која беа прикажани стекнатите искуства и подтоци од проектот "Да ги трошиме или да се самовработиме", за приватните трансфери и нивното користење со фокус на возраста, полот, етничката припадност и географската локација.

На тркалезната маса презентација на податоци од својот сегмент на истражување претставија Биргит Хансл од Светска Банка од Вашингтон, Јованка Јошевска од Истражувачкиот центар Аналитика, Душан Павловски од Владата на Република Македонија (од кабинетот на министерот за странски инвестиции, Бил Павлески), М-р Маја Андреевска од Народна Банка на Република Македонија, М-р Бранимир Јовановиќ одУниверзитет Тор Вергата – Рим и Народна Банка на Република Македонија и модераторот Д-р Марјан Петрески, доцент и заменик-декан за научно-истражувачка работа на Економскиот факултет при Универзитетот Американ Колеџ.

Биргит Хансл
Светска Банка - Вашингтон



Многу е важно да се размислува каде се иселениците и каде се каналите за дознаките преку кои она што го заработиле во друга земја ќе го испратат назад дома. Она што навистина не се сака е да се остават парите во земјата домаќин, и она што се сака е испратените пари дома да не бидат само за секојдневните трошоци, туку и за инвестирање. Мислам дека има различни начини да се охрабрат трансферот да биде по легален пат. Генерално истражувањето ќе покаже како домаќинствата сега ги користат тие средства и како би ги користеле, и да се поттикнуваат и охрабруваат за додатно нивно оплодување и инвестирање.

Д-р Марјан Петрески, доцент и заменик-декан за научно-истражувачка работа на Економскиот факултет при Универзитетот Американ Колеџ



Дознаките на иселениците во Македонија се развоен феномен што не е доволно истражен. Освен што знаеме за неговите макроекономски импликации дека покрива голем дел од дефицитот на трговската сметка, за микроекономските импликации не сме доволно информирани. Во овој проект, низ ригорозен економетриски процес документиравме дека дознаките се многу важни за намалување на сиромаштијата и нееднаквоста во Македонија, со посебен ефект во време на криза. Но, ова подразбира дека значаен е нивниот краткорочен ефект. Од друга страна, истражувањето покажува дека тие можат да влијаат врз самовработувањето, односно дека дознаките имаат потенцијал да се вложат во сопствен бизнис иако тој потенцијал е главно неискористен и веројанто само домаќинствата кои примаат големи износи на дознаки истите ги инвестираат. Оттука, сметам дека владата треба да се позанимава со овој проблем и да излезе со пакет стимулативни мерки со кои ќе се натераат примателите на дознаки да размислуваат и за канализирање на дел од средствата што ги примаат на работни места. Во спротивно, дознаките можат да имаат големо негативно влијание и да предизвикаат економска неактивност.

Со оглед на ваквата важност на дознаките, да најавам дека тие ќе бидат предмет на истражување и во претстојниот период од страна на нашиот универзитет и верувам дека подеталните сознанија до кои ќе дојдеме ќе бидат интересни за носителите на политиките и за јавноста.

М-р Маја Андреевска
Народна Банка на Република Македонија



Генерално во последно време приватните трансфери се издвојуваат како извор на финансирање на дефицитот на тековната сметка. Познато е дека тој извор на финансирање за разлика од капиталните трансфери немаат обврска за враќање на парите. Трансферите не се тема само кај нас, туку се генерална тема за целиот регион на ЈИЕ. Останува сè уште проблемот на нивно соодветно мерење со оглед на тоа дека не може или тешко може да се опфатат со стандардните извори на податоци со кои располагаат статистичарите. Врз основа на тоа треба да се направат студии, анализи од страна на НБРМ за да се добие подобра претстава за тоа која е вистинската структура на приватните трансфери, која е структурата на оние што ги испраќаат, нивните навики во трошењето, кој е ефектот на трансферите и која е издржливоста на трансферите, што е битно за во идниот период и во НБРМ да се направат напори да се направат некои од овие работи и да се имплементираат како конкретни резултати во рамките на платниот биланс.

Душан Павловски
Влада на Република македонија
(кабинет на министерот за стански инвестиции, Бил Павлески)



Ние направивме кратка споредба помеѓу странските директни инвестиции и приватните трансфери. Разликата е скоро двојна во корист на приватните трансфери, меѓутоа важно е да се напомене дека ефектот врз економијата што го имаат странските директни инвестиции е многу поголем отколку приватните трансфери. Тоа е генерален заклучок што покажува дека треба повеќе да се работи на странските директни инвестиции во иднина.

М-р Бранимир Јовановиќ
Универзитет Тор Вергата – Рим, Народна Банка на Република Македонија



Дознаките од странство ќе бидат еден од најпозитивните феномени во македонската економија во наредната деценија и затоа е многу важно да се знае кои се импликациите од нив за микро и макро економијата, т.е. стандардот на живеење на луѓето. Макроекономските аспекти се релативно добро познати.Познато е дека трансферите се важни за одржливоста на тековната сметка и други феномени. Микроекономските аспекти од друга страна сè помалку истражени и токму тоа беше поентата на ова истражување, да се открие како трансферите влијаат врз стандардот на семејството, пред сè како влијаат на сиромаштијата, врз нееднаквоста и врз самовработувањето. Во литературата и емпириските истражувања што постојат во светот, може да има две насоки; трансферите можат да влијаат позитивно на сиромаштијата и нееднаквоста т.е. да ги намалуваат или негативно, да ги зголемуваат. Притоа не може однапред точно да е каже каква е врската. Со нашето истражување утврдивме дека трансферите влијаат позитивно врз социјалните феномени т.е. врз стандардот на луѓето во Република Македонија, ја намалуваат невработеноста и нееднаквоста, а од друга страна ја зголемуваат веројатноста за самовработување.Тоа значи дека трансферите се навистина позитивен феномен и од микро и од макро економска гледна точка. Затоа носителите на економските политики треба ги следат внимателно трансферите затоа што евентуален ненадеен прекин, менување на трендовите во трансферите, може да значи зголемување на нееднаквоста, феномени што се актуелни во денешно време во глобалната економија и ако дојде до тоа носителите на економските политики треба да знаат какви мерки се потребни за да се ублажи негативниот ефект на трансферите врз овие социјални ефекти.

Јованка Јошевска
Истражувачки центар Аналитика



Улогата на нашето истражување е да се добијат што повеќе информации за тоа како овие дознаки од странство влијаат на децата кои остануваат дома. Како што споменав има многу малку достапни податоци од оваа област и сметаме дека пописот на населението мора да биде спроведен за да може да се знае колку луѓе живеат во странство. И овие податоци би претставувале солидна основа за понатамошно истражување од оваа област.